ВАБТЕК МЗТ е светски познат производител на системи за сопирање на шински возила и дел од глобалната мултинационална Wabtec корпорација со седиште во САД. Веќе шест децении нашите иновативни решенија со најсовремена технологија обезбедуваат сигурност во транспортот на луѓе и стоки низ целиот свет.
За потребите на Секторот за Производство нудиме можност за ангажирање на кандидат за позицијата

Супервизор на површинска заштита

Основни задолженија и одговорности:

- Анализира работни налози, предвидува работно време потребно за производство
- Распоредува работни задачи и работно време
- Специфицира и обезбедува материјали, алати и друга опрема потребна за производствениот процес
- Го планира текот на материјали и операции низ производниот процес
- Изготвува технолошки постапки за сите процеси на бојадисување и галванизација во согласност со барањата на купувачите и стандардите и ја контролира нивната примена во производството
- Врши контрола на квалитет на изработените делови
- Врши подготовка на хемикалиите соласно упатствата на производителот и корекција на растворите
- Развива и импелементира методи за континуирани подобрувања на времето, квалитетот и безбедноста
- Анализира и разрешува тековни проблеми во процесите
- Води персонална евиденција, евиденција на материјали, залихи и сл.
- Евидентирање на видовите и количините отпад кои се создаваат
- Поднесува дописи и извештаии на годишно ниво до Министерството за животна средина и просторно планирање во законско предвидените рокови
- Го известува менаџментот на компанијата за можните негативни влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Доставува предлози до менаџментот за избегнување и во најголема можна мера, намалување на количеството на создаден отпад.
- Прави продажни порачки за опасниот и неопасниот отпад

Квалификации и компетенции:

- Влажно бојадисување
- Електростатско бојадисување
- Смолирање и китирање
- Техники на испитување на бојадисан слој
- Фосфатизирање
- Брунирање
- Анодна оксидација (елоксирање)
- Поцинкување
- Хромирање
- Хемиско никлување
- Хемиска лабораторија
- Физичка лабораторија

Што нудиме?

- ✓ Предизвикувачко и технолошки напредно работно опкружување во меѓународна компанија
- ✓ Можност за професионален развој во согласност со високи меѓународни стандарди за квалитет
- ✓ Конкурентен надомест

Вашата апликација (мотивациско писмо, CV и препораки) со назнака "Супервизор на површинска заштита" испратете ја на; anita.janevska@wabtec.com; kristina.krsteska@wabtec.com и ZOncevski@Wabtec.com

Само кандидатите кои ги исполнуваат основните критериуми ќе бидат контактирани за интервју.

Вабтек МЗТ е работодавач кој нуди еднакви можности за сите.